# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ
## од Третото продолжение на Деведесет и третата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 13 декември 2001 година

Седницата се одржа во Собранието на Република Македонија, сала 1, со почеток во 13,20 часот.

Седницата ја отвори и со неа раководеше Томислав Стојановски, потпретседател на Собранието.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Колеги пратеници покажуваме денеска дека сме апсолутно неодговорни спрема функцијата која ја извршуваме. Дали е тоа колективно или поединечно, важно е дека секој пратеник одговара за своја одговорност и сега ми е јасно зошто во српскиот Парламент одредиле казнување за неучество во работата на Парламентот.

Јас не мислам да ги затворам ни отворам, но казната ќе го погоди секој. Затоа ве повикувам на морална одговорност за присуство. Господа, дали противењето за Законот за пратеници да не се донесе беше токму ова каде се предвидуваа одредби со кои се казнува неработењето на пратеникот во Собранието?

Ве молам, бидејќи ќе треба да се гласаме имаме 50 присутни пратеници во салата, ве молам да притиснете на копче оние кои се присутни да видиме дали ќе можеме да работиме.

Ве молам вклучете го системот за проверка. Притиснете на едно од копчињата да видиме дали исполнуваме услови за вториот дел за работа за одлучување. (На мониторот покажува бројка од 62 пратеници).

Сега навистина е проблем. По броење нема толку, да бидеме искрени. Ако дојде до гласање нема да се гласа, па ги молам службите да не пребројат. (Реакција од пратениците).

Добро, сега ќе изразиме сомневање на техниката, па ќе провериме колку не има во салата. (Службите ги пребројуваат пратениците).

53 пратеници се присутни во салата, тогаш господа ќе работиме наместо по изборниот дел, ќе работиме во вториот дел каде има разрешување на јавни обвинители. Ако дојдеме до гласање не е исто, нема да гласаме, веројатно очекуваме дека ќе има и општа расправа.

Продолжуваме со работа по 93-та седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците Весна Јовановска, Стојан Андов и Валентина Божиновска ме известија дека од оправдани причини не се во можност да присуствуваат на седницата.

По пребројувањето се констатира дека имаме кворум за работа на Собранието, но не и за одлучување. Бидејќи избор на поротници ќе треба да се спроведе со 61 глас, а толку немаме, предлагам да продолжиме со наредната точка 24.

Минуваме на точката 24 - Предлози за покренување на постапка за разрешување од функцијата заменик на Јавниот обвинител на Република Македонија.

Предлогот за покренување постапка за разрешување на заменик Јавниот обвинител на Република Македонија ви е доставен.

Отворам претрес по Предлогот за покренување на постапка за разрешување на Кирил Саревски од функција заменик на Јавен обвинител на Република Македонија.

Молам, кој бара збор? (Од место дофрлуваат дека е по негово барање).

Точно така, јас прашав дали некој бара збор, но бидејќи никој не бара збор колегата Кирил Саревски лично бара да биде разрешен од оваа функција.

Практично Собранието само треба да констатира, бидејќи ова не се одлучува со гласање. (Реакција на пратениците).

Поради техника на работата, а порано практика, некој ќе треба да гласа за неговото чувство, за неговата волја.

Молам, продолжуваме понатаму. Гласањето ќе го обавиме подоцна.

Отворам претрес по Предлогот за покренување на постапка за разрешување на Марко Бундалевски од функцијата заменик на Јавниот обвинител на Република Македонија.

Ова е поради исполнување на услови за заминување во пензија. Сепак истата судбина е и по овој предлог кога прифативме по едно барање да не можеме да одлучуваме, тогаш да продолжиме понатаму.

Минуваме на точка 25 - Предлог за покренување на постапка за разрешување од функцијата заменик на Јавниот обвинител на Основното јавно обвинителство во Делчево.

Предлогот за покренување на постапка за разрешување од функција заменик на јавниот обвинител на Основното јавно обвинителство во Делчево и Мислењето на Комисијата за прашањата на изборите и именувањата ви се поделени.

Отворам претрес. - Молам, кој бара збор?

За збор се јавува пратеникот Мирко Иванов.

**МИРКО ИВАНОВ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани колеги пратеници, почитуван министре, оваа постапка беше покрената многу одамна, а во неа пишува дека се покренува постапка за разрешување на заменикот јавен обвинител во Основното јавно обвинителство во Делчево поради несовесно и нестручно работење.

Јас со постапката би се согласил во потполност ако само се измени дека се покренува

постапка за разрешување заради стручно и совесно работење. Можеби на почетокот е иронично, а после откако ќе ги слушнете аргументите ќе се согласите дека е така.

Во тоа што е напишано, во постапката за покренување наведени се два предмети од кои може добро да се види дека заменикот јавен обвинител за некој предмет кој не е кривичен предмет, туку е од граѓанска опција, напишал приговор на некој свој роднина и за тоа се покренува постапка, бидејќи немал право да напише приговор. Јас мислам дека судија, правник не само тој, туку било кој во

Македонија нема кој што не помогнал да поучи, да напише приговор и да помогне во правна процедура. Тоа е едното, за кое другата странка има поднесено кривична пријава до заменикот јавен обвинител и таа кривична пријава во Обвинителството во Берово е отфрлена како неоснована. Тоа е едната точка по која се обвинува заменикот јавен обвинител да биде разрешен.

Вториот предмет по кој уште поинтересно и поиронично за сообраќајна незгода која настанува во Делчево и во која тој покренува прекршочна постапка поради тоа што прекршочната постапка е покрената заради тоа што има дадено трите странки учесници во сообраќајната несреќа дека не бараат оштетување и дека имаат лекарска документација дека нема потешко повреден кој подлежи на лекување во болница. Бидејќи штетата е помала од 15.000 ДМ, предметите над таа сума се оквалификуваат како кривични или прекршочни предмети, тој поднесува прекршочна пријава која оди во судот со комплетна документација која ја поседувам и можам да му ја предадам на министерот со полна одговорност дека е така. Господинот судија го отфрла како неоснован прекршочниот предмет и ги ослободува странките од гонење додека предметот кога се враќа назад, сакам да дочарам во што е целта, не се враќа на заменикот јавен обвинител, туку го зема општинскиот јавен обвинител, кој по секоја цена сака заменикот јавен обвинител да не биде присутен, да се отстрани од тука, бидејќи му пречи во неговото работење, бидејќи сака да работи така како што не треба да се работи. Тој предмет се враќа назад, тој го парафира и архивира. По законот се знае дека треба да го добие тој што ја поднел пријавата, можеби има право на жалба да се жали или нема да се жали. За двата предмети апсолутно се неосновани затоа што се покренува постапка за разрешување. Нема ни трошка аргументи. Сите податоци се доставени до министерот за правда, до Јавниот обвинител на Република Македонија, до Окружното јавно обвинителство во Штип така што тоа е, а сега ќе ви кажам зошто е покрената постапка. Фактички, таа е покрената заради тоа што тој совесно и одговорно си ја вршел работата. Се работи за тоа што се поднесени неколку кривични пријави заради некои функционери кои неодговорно работеле во општината од група граѓани. Тие кривични пријави се поднесени до Републичкиот јавен обвинител господинот Ставре Џиков и тој со писмо ги враќа до Основното јавно обвинителство во Делчево. Во Делчево Општинскиот јавен обвинител каде се, на наш јазик кажано, шкартливи предметите ги дава на заменикот тој да ги решава, а тој со она - не замери се или секогаш со власта и порано и сега за да се одржи, да биде самостален и со никого да не се замери. Му ги дава предметите и тој почнува да ги испитува. Се работи за следните предмети кои се комплетирани и ги има и кај обвинителот и кај министерот за правда. Сакам министерот да ме слуша.

Се работи за директорот на ЗИК "Сандански" од Делчево кој сега веќе не е директор, го смениja, доделува земјиште на користење за обработка и сеење пченица. Се работи за толку и толку хектари, а тоа земјиште што го доделува не е земјиште, туку на тоа земјиште има изградено објект - хала која има своја вредност од околу 200 илјади ДМ. Еве го земјиштето, еве ја халата вака скицирана за да може подобро да се дочара, да сфатат пратениците и граѓаните дека не се работи за нешто што се кажува невистина, тоа е тоа земјиште на кое е изградена хала од 2000 м2 (покажува слика од весник), со темели, со кровна конструкција која е градена 1979 година. Откако се виде дека тоа не може да се успее земјиштето се враќа повторно на Министерството и за да се измени оваа одлука толку брзо Министерството за земјоделство, шумарство, водостопанство ја менува, на барање на началникот за земјоделие на Делчево, и гласи дека може да се пренамени земјиштето не за сеење на пченица, туку за изградба на објект. Чудна работа, Министерството за земјоделие доделува локации за градба, доделува земјиште, а на него изградени објекти. Мислам дека не само што не е правно, незаконски, туку и нечовечки. Тој изграден објект се доделува точно на фирма која се вика "Круна", а основачи се никој друг, туку началникот на земјоделие на Делчево и тогашниот началник на полицијата, сега е градоначалник во Делчево Илчо Илиев. Орце, Илчо и други. За срам и на јавноста и за мене се срамам како граѓанин, склучуваат договор со Агенцијата за ридско планински и неразвиени подрачја и почнуваат да ја градат халата. Агенција која најмалку може да финансира објекти на приватни фирми, се знае зошто постои таа, која е нејзината улога и на подрачја кои не подлежат на условите за финансирање на Агенцијата. Почитувани колеги пратеници, тој навлегува во оваа документација, тие се јавуваат под итно, мислам на доушниците или клеветачите кажано на наш делчевски дијалект, се јавуваат под итно кај господинот обвинител поточно советникот Ванчо Ефтимов и господинот обвинител за да го спречи тоа, да спречи не приватизација, туку разграбување на

кожарата "Методиј Митевски - Брицо" од Делчево за прикривање на неплатен данок, ја имам документацијата со решение, со печат, потпис од сите институции, за да го прикрие, му предлага на обвинителот овој човек треба да се тргне, да не ни прави беља.

Господа, ние како пратеници ако сакаме нашите обвинители да не го бркаат криминалот, туку да го поддржуваат како што го прави Основниот јавен обвинител во Делчево, шефот на Основното јавно обвинителство, тогаш ние треба да се срамиме што седиме овде, ние треба да бараме овие обвинители секој што погрешил, па макар и Мирко како пратеник и било кој од нас или од Владата, да се покрене постапка за да се заштити правниот поредок ако сакаме да имаме правна држава. На почетокот кажав, ако беше напишано во барањето за покренување постапка дека се покренува постапка заради стручно несовесно работење, јас ќе ја поддржев во комплет и ќе ве замолев да ја поддржиме. Но, за нестручно и несовесно некому да му лепиме етикети и квалификации дека работи нестручно и несовесно заради тоа што си ја брка работата за која е избран токму од овој Парламент, треба да се срамиме и ние и ако таквите ги поддржуваме како што е неговиот раководител кој сака да остане сам, да не му пречи никој да ги решава предметите... (галама во салата).

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Ги молам колегите пратеници да обезбедиме минимум можност господинот да зборува.

**МИРКО ИВАНОВ:**

... Да ги чува во фиока со години пример што се појави во Стопанска банка во Делчево ограбување на банката за милион марки. За еден од тие странки кој е веќе осуден и лежи другите кои сами си запишувале во книшки со помош на тој благајник подигнале по 15-200 илјади ДМ да ги чува три години по фиоки кај него, но за да не го види некој друг и контролира, најдобро е да бидам сам. Цело е, кога има се, има една таква поговорка. Тој господин обвинител тој знае само собирање, делење, вадење изгледа не го учел во школо. За целата работа главната вина, главното покренување на постапката некој да не му пречи во неговото криминално, слободно кажувам овде на говорницата, ме слуша целата општина и цела Македонија, сака да го прикрие за да не може никој да го контролира, бидејки тој останува сам.

Уште еднаш сакам да ви кажам дека ако дозволиме да ги разрешуваме тие што правно си ја бркаат работата, а да ги поддржуваме оние што сакаат криминалот да го прикриваат, што сакаат да земат мито и корупција сето тоа мислам дека треба да се срамиме од граѓаните што не избрале. Благодарам за вниманието.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Благодарам господине Иванов.

За збор се јави госпоѓа Диспина Марковска.

**ДИСПИНА МАРКОВСКА:**

Почитуван потпретседателе, почитувани колеги пратеници сакам само едно кратко прашања да му поставам на колегата Мирко Иванов, во каква родбинска врска е со заменикот Јавен обвинител во Делчево? Благодарам.

**МИРКО ИВАНОВ:**

Прво, прв пат слушам пратеници да поставуваат пратенички прашања на пратеник, на свој колега, но јас ќе бидам коректен и ќе и одговорам на колешката. Во никаква родбинска врска. Тој е од Црна Гора, затоа се вика Пантовиќ Коста, а јас сум Мирко Иванов, роден во село Бигла делчевско уште од прадедо. Во никаква родбинска врска со него не сум. Тој случајно е зет кој дошол во Делчево да живее за некоја моја роднина, тоа не ми е роднина.

**ДИСПИНА МАРКОВСКА:**

Колега Мирко, да, можеби е тој од Црна Гора, а ти од Бигла, но мислам дека сте во роднинска врска, бидејќи е тој делчевски зет за твоја сестра. Тој е маж на твоја сестра.

**МИРКО ИВАНОВ:**

Господине потпретседателе, госпоѓата Диспина не разбрала добро. Тој не ми е зет за сестра. Тоа треба да го знаете. Ве слуша целата јавност и Малешевијата, вашето Берово и моето Делчево. Тие ќе кажат кој е. Значи ќе видат кој лаже.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Бидејќи се работи за сфера каде природно припаѓам, ќе си дозволам јас да кажам нешто за овој дел на одговорност.

Колеги пратеници, стои навистина предлог за разрешување, заправо поведување на постапка за разрешување на заменик јавен обвинител во Основното обвинителство во Делчево. За мене воопшто не е битна личноста која е, кому по род му припаѓа и кој од кој интерес го брани, или го напаѓа. Функцијата јавен обвинител е многу прецизно кажано. Јавниот обвинител по систем на субординација може во секое време, предметот од неговиот заменик или повисокиот обвинител од пониskiот обвинител, да го земе без да ги каже причините зошто тоа го прави. Тоа е законска одредба и ние не можеме сега да го критикуваме законот кој овде го изгласавме. Тоа е по однос на тоа дали е земен или не е.

Првиот дел каде се напаѓа дека направил несовесност во вршењето на функцијата, да кажам дека и јавното обвинителство и адвокатурата се јавни служби, уставни категории. За пружање на правна помош адвокатурата е уставна категорија. Ако некој сака тоа да го чини надвор од адвокатурата, ќе мора да се замисли дали има дозвола за таква работа. Несовесноста таму е што еден јавен обвинител, или судија ќе земат да пишуваат поднесоци против свои

одлуки, или да покренуваат постапки, не за себе како човек туку за негов другар, пријател, роднина или навистина како граѓанин. Што се постигнува таму?

Ако се дознае од другата страна дека овој поднесок или оваа правна работа ја застапува личност која е од јавно обвинителство и судија, се создава недоверба кај судијата. Или другата страна, априори, вели има обезбедување, странката да успее затоа што зад таа одлука стои јавен обвините. Несовесноста е таму а не дека тој напишал. Јасно е кажано дека му е забрането на јавниот обвинител и на судијата да се занимава со пишување. Навистина по некои одредби, по некое сфаќање, на Правниот факултет дојде да се укине кривичното дело надриписарство. Меѓутоа остана совесноста. И не може сега да се приговара. Ако не е гонет нема кривично да одговара. Нема несовесност. Совесноста е основна одговорност на човек по функција и како човек по живот. Тоа тој мора да го почитува.

Господа, има овде едно многу интересно размислување, од колегата Иванов, нека ми опрости што го повикувам. Во постапката се повикува дека и оштетените и обвинетиот се договориле дека нема дело. Сега од каде тој нашол дека има прекршок. Ако сакал да ги слушне говорите, чувствата на учесниците во постапката во таа сообраќајка тој нема што да одлучува. Тој оценува дека има многу помала одговорност судијата кој одлучувал по административна казна и утврдил дека нема прекршок, а се работи за постоење на кривично дело. Тој не може во таа постапка да одлучува, туку за прекршок ќе го ослободи, а кривичното дело останува и понатаму да се гони. Ако јавниот обвинител оцени дека нема сторено кривично дело, тој со решение ќе ја отфрли кривичната пријава и ќе му даде можност на оштетениот да ја продолжи постапката. Овде колегата што направил? Покренал постапка за која не треба да покренува. Значи отишол во прекршочно дело. Се ослободува затоа што нема прекршок, туку има кривично дело. Тогаш тој на добар и многу перфиден начин го ослободил виновникот од одговорност. Затоа тука не е стручност. Стручноста е преголема, ама несовесноста е уште поголема. Затоа има место за разрешување.

Има збор г. Мирко Иванов.

**МИРКО ИВАНОВ:**

Господине потпретседателе, јас почитувам дека вие сте правник и можеби нешто и повеќе знаете од правото, од мене, а тоа треба така и да биде.

За предметот за кој вие зборувате, сообраќајката, јас зборувам со аргументи бидејќи тој со покана ги поканил странките и тоа две покани испратил, што ги има овде во материјалот, да дојдат. Тие имаат дадено своја рачна изјава, сите тројца, и оштетениот со колата и со моторот, дека не бараат никаква оштета и дека се согласуваат. Значи штом нема оштетување поголемо од тоа што е предвидено со законот, значи нема кривична пријава, поднесена е прекршочна.

Сега сакам да ви дочарам тоа што не го кажав пред тоа.

Јас за предметот реков друго. Имено се согласувам со тоа дека може да го одземе обвинителот после тоа. Но тој не го одзема случајно, после враќањето од судијата, бидејќи заменикот можеби и сигурно и ќе се жалел на одлуката зошто е укината, зошто нема изречено никаква казна. Тој го зема и го архивира со негов параф, можеби, како што вие викате има право, како одговорен раководител, но, тоа е со умисла, заради тоа што после извршеното дело, после месец дена на една од странките тој лично, обвинителот, со една лекарка од Здравствениот дом се договараат и му даваат уверение дека е оштетен, со некаква оштета, незнам да се изразам медицински, потрес или незнам што. За несреќа таа лекарка не е ни лекар од општа пракса. Него го примил сосема друг лекар, стои во документацијата дека кога го примил немал никаква оштетувања. Тоа го прават, господине потпретседателе за да земат од ЗОИЛ "Македонија" 4000-5000 ДЕМ, во договор го прават тоа. Сигурно тие пари не ги земала само странката, ги земале тие што го договориле тоа, тие што му ја дале документацијата. Еве, целата документација е тука (ја покажува папката). Јас комплетно ќе му ја предадам на министерот.

На крајот, сакам да кажам дека за се тука што зборував, иако знам дека нема одговорност за се тоа што ќе го искажам од говорницата, спремен сум како граѓанин, како Мирко Иванов да одговарам за секој кажан збор, за секој документ.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Не сакам да го оспорувам мислењето што го истакна господинот Иванов, меѓутоа не познавањето на прописите, и тој призна дека е негов недостаток. За што се работи?

Господине Иванов, јавниот обвинител не е овластен да преговара со никого, кога се работи за дело кое се гони по службена должност. Тие се договараат да нема штета. Меѓутоа, не можат да се договорат дека нема одговорност. Потресот на мозок не е долари, не е марки, не е денари. Тоа е болест предвидена како тешка телесна повреда и е санкционирана како таква. Таму договор нема. Ние немаме договорно кривично законодавство што е дел во аглосанксонскиот систем каде можат да се договорат за казна или за последици. Ако тоа вие не го познавате, немојте да го браните човекот, да му нанесувате поголеми непријатности.

Второ, како може јавниот обвинител, кога има кривична пријава да повикува обвинет на разговор. Како може да му праќа покани. Можете ли да ми најдете одредба каде јавниот обвинител е овластен да го повика обвинетиот со него да разговара дали да го тужи или не. Кога оштетениот ќе добие покана од јавен обвинител, заедно со обвинетиот, тој е подреден дека јавниот обвинител дејствува во корист на обвинетиот и нормално е дека ќе прифати насилство. Тоа не смее да се случи. Тоа е еден типичен пример за насилство, типичен пример за повреда на законот, типичен пример за злоупотреба. Сега веќе говориме и за нестручност. Значи, нестручноста се подведува под непознавање на законот. Ако го познаваше законот, тој никогаш немаше да го повика обвинетиот со него да се погаѓа дали ќе го гони или не. Тоа е основно правило, што се вели буквата А во кривичното право. Со обвинет јавниот обвинител не може да разговара за прогон. Тој има законски налог да го гони. Откако ќе се изведат доказите, тогаш ќе одлучува дали ќе бара поголема или помала казна, а не да го ослободува од вина или одговорност. Ве молам, немојте да правиме зло на државата, затоа што некој ви е пријател или роднина. Вие сега како пратеник можете да го застапувате како човек. Тоа имате право да го направите. Ве разбирам и јас како колега, би застанал зад него, направил грешка. Меѓутоа, во што е сега вашето зло. Го поврзувате човек кој ослободил, индустриски криминал се вика сообраќајката во кривичното право. Индустрискиот криминал значи го заменувате со духовниот криминал. Веднаш вие како пратеник овде припишувате вина на некого дека некој сака да дели пари. Кажете ми сега каде е сега вашата совесност. Кого браните? Да наставите, оној кој сакал да ослободи некој од кривична одговорност, а вие сега да припишете одговорност на некој друг. Тоа ли ви беше целта. Значи, се работи за ваша поврзаност. Вие мислите многу смело. Вие мислите многу напред. Вие мислите без основа. Дали тоа ви беше овде намерата, да не убедите дека некој кој сакал да ослободи некого од одговорност, друг кој си ја врши функцијата, а тоа е јавниот обвинител, да го преземе предметот и да продолжи со прогон. Ако немало таква работа и тој ќе ја запрел постапката. Меѓутоа, ќе донесе решение за откажување од одговорност. Тој ги вика, ги порамнува тука пред него, а покренува административна постапка. Тука е несовесноста. Затоа, јас жалам што напаѓам свој колега. Дали тој така направил или вие сте му сугерирале така да направи, затоа што сега сакате да одбраните нешто што не се брани. Тоа е одвоено прашање. Меѓутоа, со жалење констатирам дека еден обвинител на кого ние овде сме му дале доверба, направил грешки во чекори кои повлекуваат и разрешување.

Процедурално за збор се јавува госпоѓата Ѓулистана Марковска.

**ЃУЛИСТАНА МАРКОВСКА:**

Мојата забелешка е процедурална од аспект да ве замолам вас во својство на претседавач, сепак Собранието да не го претвараме во судница, затоа што вие сте остручени, можеби добар дел и од пратениците се. Меѓутоа, не е добро ниту за работата на Собранието, ниту за нас како пратенџици. Овие работи се расчистуваат на комисија. Комисијата за избори и именување работи во тој делокруг, нејзината работа е јавна. Така да дури и колегата пратеник кој што истапи овде имаше право и можност тоа на комисија да го истакне. Се разбира дека никој не му го одзема правото тука да го каже јавно. Меѓутоа, верувајте ми мене, јас како пратеник не го познавам ниту заменикот кој треба да го разрешиме, ниту го познавам обвинителот на Делчево, на чија сметка паднаа тешки квалификации дека е криминалец и куп други работи. Ние тој човек сме го избрале овде како Собрание, во овој состав, или некој друг. Тоа воопшто не е важно. Се знае, ако некој неуредно ја врши својата работа, или ако ја злоупотребува постои институцијата интерпелација на јавно избран функционер. Јас ве молам, сепак такви квалификативи, од типот на криминалци и било која друга, не ни приличи како на пратеници да ја лепиме на луѓе, од причини што работата на Собранието е јавна, а ние како пратеници, без оглед што имаме имунитет за сите наши дискусии овде, сепак јавната клевета не подлежи на имунитет. Така да, сепак, доколку е тоа можно, ве молам, како Собрание да се придржуваме на тоа.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Процедурално за збор се јавува господинот Абдурахман Алити.

**АБДУРАХМАН АЛИТИ:**

Очигледно дека вие, господине потпретседателе и господинот Иванов имате подробни информации во врска со предметот и можете да учествувате во диксусијата. Јас не го оспорувам вашето право да дискутирате по ова прашање. Јас би ве замолил, кога ќе дискутирате, немојте да го карате господинот Иванов заради тоа што тој го кажа тоа што го кажа. Најдете начин вашите информации да ги пласирате поинаку, затоа што ова личи, навистина како да му се заканувате со прстот. Незнам како се чувствува тој, но јас не се чувствувам добро, кога карате некого, па било тоа да е Иванов или јас. Јас само тоа ве молам. Немојте да ги карате пратениците заради тоа што дискутираат на говорница.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Јас од овде ништо не реков, користев исто право како што и господинот Мирко Иванов. - Повелете господине Иванов.

**МИРКО ИВАНОВ:**

Господине потпретседателе, сигурно вие за случајот можеби сте нешто информирани, но еднострано, а не од двете страни или реално. Значи, вие сте нереално информирани.

Јас кажав дека договорот за наплатата, за парите од ЗОИЛ "Македонија" е направен, дадена е потврда после 15 дена од страна на лекар, кој од Здравствениот дом од Делчево го има определено стручниот колегиум. Имам документи, стручниот колегиум кој се оградува од таквиот даден документ, бидејќи тој документ го дало лице кое не е стручно, кое е лекар рентгенолог. не може рентгенолог да дава таков документ кој е во сосема специјална струка. Тој го дава тоа мислејќи дека тоа и со таа намера обвинителот го повлекува предметот за да не се види тоа кој го дал, како го дал, за да може господата да си наплатат од ЗОИЛ. Тоа ми беше зборот. Вие тоа можеби не сакавте да го слушнете, или јас пак не го точно интерпретирав. Така да, во тоа е работата. Затоа сакам да кажам дека разрешувањето на заменикот не е ни малку нестручно, туку разрешувањето е политичко. Разрешувањето е заради тоа што на началникот на полицијата, на фирмата "Круна" која е основана од началникот на полицијата, сегашниот градоначалник, од началникот на земјоделие, на кои им се додели земјиште за пченица, а е хала. Господа, Собранието е просторија, не е земја за пченица. Еве таква е споредбата. Така да, кога тој влезе во предметот, ги извади аргументиет и документите, тие се обидоа да го тргнат, му ги зедоа предметите, го тргнаа да не може да ги решава, му ги дадоа на обвинителот, бидејќи тој знае да ги чува во фиоката, да не ги решава, да не се заверува, а за него немаше друг начин освен да го разрешат. Не можат да му речат вака или вака го реши. Ќе го реши така како што е правно.

Господине потретседателе, овие документи јас можам да ви ги дадам комплет, затоа што тоа е вистина. Тука нема ништо лага. Затоа, реков дека овде сакам и кажувам како граѓанин. Ако за оваа немате постапка, може да се разрешува обвинител или заменик, треба да се срамиме ние како парламентарци. А, да се каже вистината зошто се разрешува, политичка, заради тоа што на овој му е поднесена пријава, пријава и тн. заради тоа што влегол во документите, нашол дека не платиле данок од 250.000 марки, прикриен данок на „Гобленка", а сега истата таа што не ги платила е началник на Управата за јавни приходи.

**МИРКО ИВАНОВ:** (продолжение)

Тука се сите тие документи. Јас кажав, и кај министерот ги има, јас сакам да му ги предадам. Тоа ми беше зборот Г. потретседателе. Јас не зборувам правно, ќе повторам, признавам, јас сум човек кој признава за тоа што доволно не го познава. Вие повеќе мора да знаете, сте биле судија, адвокат. Јас сум по струка инженер, а не правник, но тоа го имам разработено и обработено со документација, со печати и со сите комплетни аргументи.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Има збор Г. Благој Стојковски.

**БЛАГОЈ СТОЈКОВСКИ:**

Почитувани пратеници, сакам да кажам дека навистина ние кои не сме правници присуствувавме овде на некое судење од говорницата на Парламентот. Сакав да дискутирам, бидејќи сум член и на Комисијата за прашања на изборите и именувањата, на која беше присутен и јавниот обвинител на РМ, кој ни даде образложение за сето она зошто се разрешува и после многу дискусии, сепак се сведе на едно мое прашање да го прашам обвинителот, дали навистина во животот, вака човечки го прашав, никогаш како правник не помогнал на некого за некое решение кое не е во негова надлежност, бидејќи јавниот обвинител е обвинител за кривични дела, а таму се работи за некој граѓански спор. Обвинителот кажа дека никогаш тоа не го направил. Јас замолчав, можеби човекот е исправен, можеби така треба да биде. Меѓутоа, денес мислев да дискутирам не како правник. Овој предлог за разрешување доаѓа од Владата и мораме да бидеме удостоени од оваа Влада, секогаш кога има предлози да имаме претставник од оваа Влада. Не дискутирам затоа што нема претставник на Влада. Несакам да прашувам дали некој на некого е роднина. Овде ние сме пратеници избрани од народот, особено тие кои сме од мнозинската листа и треба да ги искажуваме нашите мислења кои не мора секогаш да бидат точни. А роднини со кого и како сме, во овие седум години до сега тоа не ми се случило во овој Парламент.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Ве молам, повикајте го министерот за правда да се врати во салата.

(министерот за правда Иџет Мемети се враќа во салата)

Исполнет ви е и вториот услов за говорење, повелете.

Рековте дека нема да говорите, а бидејќи министерот се врати во салатг повелете.

**БЛАГОЈ СТОЈКОВСКИ:**

Без разлика што го немаше претставникот, јас го кажав она што сакав да го кажам. Реков дека бевме на Комисија за избори и именувања, добивме образложение од јавниот обвинител. Целата работа се сведе дека обвинителот од Делчево кој се менува немал

право да напише или да помогне на некој свој близок пријател во некоја правна работа. Го прашав дали тоа е така, тој рече дека е така и навистина овој обвинител многу згрешил што на својот пријател во граѓански спор му помогнал, правно го подучил, навистина направил голем прекршок, затоа што колку што знам јас обвинителите во правни спорови не учествуваат. Толку од правото знам.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот за разрешување на господинот ќе го ставиме на гласање одкако ќе обезбедиме доволен број на пратеници.

Преминуваме на 26-та точка - Предлог за покренување на постапка за разрешување од функцијата заменик на јавниот обвинител во Основното јавно обвинителство во Охрид.

Предлогот за покренување постапка за разрешување од функцијата на јавен обвнител на Основното јавно обвинителство во Охрид и мислењето на Комисијата за прашања на изборите и именувањата ви се доставени.

Отворам претрес? - Молам, кој бара збор?

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Одлуката ќе ја ставам на гласање кога ќе бидат исполнети условите за тоа.

Преминуваме на 28-та точка - Предлог на одлука за огласување, именување на заменици јавни обвинители во основните јавни обвинителства во Охрид, Велес, Кавадарци, Битола и Гевгелија.

За оваа точка водевме постапка, но се утврди дека нема претставник на предлагачот.

Сега предлагачот е присутен.

Завршен е претресот по текстото на Предлогот.

Имавме еден амандман, за кој претставникот на Владата не се произнел.

Дали може во овој момент претставникот на Владата за поднесениот амандман од пратениците Жарко Караџоски и Звонко Мирчевски да се произнесе. Имаше амандман на Предлог одлуката за именување на заменици на јавните обвинители во Основните јавни обвинителства во Охрид, Велес, Кавадарци, Битола и Гевгелија. Имаме амандман поднесен од Жарко Караџоски и Звонко Мирчевски.

**ИЏЕТ МЕМЕТИ:**

Почитуван потрептседателе, почитувани пратеници, со оглед на тоа дека Владата односно овластените предлагачи на актите што ги носи Собранието,само тие можат да се произнесат во однос на Предлог амандманите, овој предлог што е предложен на Собранието исклучиво во својство на предлагач е Комисијата за избори и именувања, така што сметам дека претседателот на Комисијата или во името на Комисијата некој друг треба да се произнесе дали ќе го прифати овој амандман или не, затоа што Владата во однос на огласувањето на местата за избор на заменици јавни обвинители само се известува од страна на Јавното обвинителство, односно Јавното обвинителство комуницира директно во однос на упразнетите места со Комисијата за избори и именувања, така што сметам дека треба претставник на точката, односно претставник на Комисијата да се изјасни дали го прифаќа или не амандманот, затоа што ние не сме овластени предлагачи.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Ова излагање а апсолутно точно, и јас го прифаќам, а со тоа и Собранието ќе го прифати бидејќи претседателот на Комисијата незнам дали има заменици или овластен известител, дали ќе може да го прифати или пак ќе го одложиме.

Има збор пратеникот Жарко Караџоски.

**ЖАРКО КАРАЏОСКИ:**

Имавме конкретна забелешка, ако добро се сеќавам конкретно од Г. Александар Гештаковски во смисла на тоа дали овој мој амандман е во корелација или во спротивност со оние потребни утврдени критериуми, за кои Владата донела одлука за бројот на јавните обвинителства, односно замениците јавни обвинители.

Бидејќи е присутен претставникот на Владата, може барем тоа да го каже, дали дополнувањето, она што јас го барам со амандманот, е во спротивност со одлуката на Владата или е во функција на тоа, за да ми ја олесни работата и овде.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Дали и вие Г-дин министер сте во состојба ова да го објасните од името на Владата?

**ИЏЕТ МЕМЕТИ:**

Согласно одлуката за утврдување на бројот на замениците јавни обвинители за општина Прилеп, односно за Основниот суд во Прилеп се предвидени седум места, од Информацијата што ја доби Министерството за правда и од Јавното обвинителство сме известени дека овие две места се празни.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Ако е така, бидејќи немаме претставник од Комисијата за избори и именувања, да го направите тоа во писмена форма преку секретарот на Владата и на наредното продолжение на седницата ова ќе го разрешиме.

**ИЏЕТ МЕМЕТИ:**

Сепак, вашиот заклучок што сега го дадовте дека Владата треба да ја извести Комисијата за избори и именувања, треба да се

преиначи во смисла на тоа дека Јавното обвнителство треба да ја извести Комисијата за прашања на изборите и именувањата.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Добро, ќе го разрешиме тој правен момент кој ќе биде од нив двајца.

Тука ја прекинуваме оваа седница.

(Седницата прекина во 14,10 часот)